**ДРУШТВО НА ФИЗИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**основано 1949**

**Архимедова 3, 1000 Скопје, Република Македонија**

Д-р Боце Митревски, Претседател boce@pmf.ukim.mk 070 652 213

М-р Наташа Кочоска, Секретар natasha.kochoska@yahoo.com 071 309 804

Д-р Ристе Попески Димовски, Благајник, ristepd@pmf.ukim.mk 070 339 103

Телефакс: 3228 141; URL: http://www.dfrm.org

Жиро сметка: 300000001043853, Комерцијална банка А.Д. Скопје

Скопје, 8.10.2015

# Известување

Почитувани директори на основните и средните училишта,
почитувани наставници и ученици,

Друштвото на физичарите на Република Македонија (ДФРМ) го најавува одржувањето на јубилејната **XL Школа „Млади физичари“**. Одржувањето на школата е во рамките на одбележувањето на **2015 - Година на светлината и технологии базирани на светлината**.

Школата е наменета за ученици од основните училишта (деветo одделение), ученици од средните училишта (сите години и струки) и нивните наставници.

**XL Школа „Млади физичари“ ќе се одржи на 27 и 28 ноември 2015 година (петок и сабота) во просториите на Природно-математички факултет во Скопје.**

**Школата не е тематска, туку од општ карактер со наслов „Физиката како наука и наставен предмет во 21 век“.**

Програмската шема на школата, за разлика од претходните години е малку изменета. Во неа се вклучени следниве активности: предавања, демонстрации од учесниците на школата, демонстрации и демонстрациони експерименти од студенти и академски кадар на ПМФ – Институт за физика, изложба на учебници и друга литература од физика и природни науки и натпревар за учениците преку решавање на тест.

- Предавањата, 4-6 предавања (секое во времетраење не подолго од 30 минути).
- Демонстрации ќе изведуваат ученици и наставници учесници на школата. За секоја демонстрација е предвидено време од максимум 10 минути. Учество со демонстрација не е задолжително. Но пријавувањето за учество со своја демонстрација (за ученици и наставници) е задолжително (во пријавата за учество).
- Демонстрации и демонстрациони експерименти од студенти и академски кадар на ПМФ, ќе бидат поставени и изведувани во холот на факултетот.
- Штандови со учебници и друга литература од физика и природни науки ќе бидат поставени во холот на факултетот.
- Натпревар на учениците преку решавање на тест. Овој тест не содржи задачи, туку прашања од физика. Поголем дел од нив се прашања со избор. Време за решавање на тестот е максимум 45 минути. Учеството на натпреварот не е задолжително. Но пријавувањето на учениците за натпреварот е задолжително (во пријавата за учество).

Секој учесник на школата (ученици и наставници) ќе добие сертификат за учество.

Најдобрите ученици и наставници во актвноста демонстрации за повеќе категории, и најдобрите ученици од натпреварот за секоја година на образование (од девето до четврта година) ќе бидат наградени дополнително со диплома и пригодни награди.

**Пријавата за учество се испраќа до секретарот на ДФРМ Наташа Кочоска по електронска пошта на адреса natasha.kochoska@yahoo.com најдоцна до 17 ноември 2015 година.**

Котизацијата за учество на школата изнесува:

за ученици

**500 денари (на жиро сметка на ДФРМ најдоцна до 17 ноември 2015)**

600 денари (на жиро сметка на ДФРМ после 17 ноември 2015)

700 денари (преку каса прими, ако уплатата се прави на денот на регистрацијата)

за наставници

**500 денари (на жиро сметка на ДФРМ најдоцна до 17 ноември 2015)**

600 денари (на жиро сметка на ДФРМ после 17 ноември 2015)

700 денари (преку каса прими, ако уплатата се прави на денот на регистрацијата)

**300 денари (на жиро сметка на ДФРМ најдоцна до 17 ноември 2015) ако наставникот има платено членарина во ДФРМ за 2015 година**

**Потребни податоци за уплата**

| | |
|---|---|
| Назив на налогодавачот: | Име и презиме на учесникот |
| Назив на примачот: | Друштво на физичарите на РМ |
| Жиро сметка: | 300000001043853 |
| Банка на примач: | Комерцијална банка |
| Цел на дознака: | Котизација за школа МФ 2015 |

Во котизацијата е вклучено: предавањата и демонстрациите во амфитеатарот, посета на демонстрациите во холот на факултетот и штандовите со литература, учество на натпреварот, ручек и освежување за двата дена, материјали од активностите опфатени на школата, сертификат за учество на сите учесници, дипломи и награди за најдобрите ученици и наставници.

Со почит,
Доц. д-р Боце Митревски
Претседател на ДФРМ